РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-1214/1
13-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на ден 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2489/1 од 20.09.2024 година оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапката за доделување средства за проекти во областа на управување со посебните текови на отпад со јавен конкурс (објавен на ------ година), во --------, **СЕ ЗАПИРА**.

Наводите изнесени во пријавата со број 12-2489/1 од 20.09.2024 година, **СЕ ПОТВРДУВААТ.**

За констатираните прекршувања на законските одредби, ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе иницира постапка пред надлежен орган.

Предметот со број 12-2489/1 од 20.09.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет со број 12-2489/1 од 20.09.2024 година по пријава поднесена од познат подносител – ---------, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапката за доделување средства за проекти во областа на управување со посебните текови на отпад, со Јавен конкурс (објавен на ------ година), во ---------.

Во пријавата се наведува дека во врска со предметната постапка се констатирани повеќе прекршувања на законот во различни фази на постапката кои биле преземени од учесници во истата и тоа:
- иако согласно закон Министерството било должно Јавниот конкурс да го објави најдоцна до месец февруари 2024 година, истиот бил објавен на ------ година (по истекот на законски утврдениот рок),
- дел од апликантите кои учествувале на Јавниот конкурс не ги исполнувале пропишаните услови,
-критериумите за прифаќање на пријавите не биле доволно јасни,
- листите за проверка што требало да ги изготви Комисијата за секој апликант не биле целосно и уредно пополнети,
-Одлуката за распоредување на средствата била објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија", шест (6) дена по склучувањето на договорите и дека истата не содржела упатство за користење на правно средство – жалба, како и други пропусти и прекршувања кои влијаеле на конечениот исход на постапката.
Кон пријавата е доставена целокупна придружна документација од спроведената постапка поведена со објавениот Јавен конкурс.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање до --------- да се изврши внатрешна ревизија на сите фази од предметната постапка.

До ДКСК е доставен Ревизорски меморандум за извршена AD HOC ревизија на предметната постапка со утврдени состојби од страна на -------.

Видно од обезбедената документација, Владата на Република Северна Македонија донела Годишна програма за финансирање на управувањето со посебните текови на отпад за 2024 година, со која било предвидено средствата да се доделуваат по пат на јавен конкурс, кој Министерството било должно да го објави најдоцна во месец февруари 2024 година. Спротивно на наведеното, утврдено е дека јавниот конкурс бил објавен на ------ година, односно по истекот на законски утврдениот рок.

За спроведување на постапката била формирана Комисија со Решение бр.------ од 07.05.2024 година, која извршила преглед и евалуација на пристигнатите пријави и изготвила предлог за распоредување на средствата, врз основа на кој одговорното лице на Министерството донело одлука за распределба на средствата и склучило договори со избраните корисници.

Од ревизорските наоди е утврдено дека во постапката на евалуација од страна на Комисијата не биле земени во предвид определен број навремено доставени апликации, а дел од апликантите на кои им биле доделени средства не ги исполнувале пропишаните услови од јавниот конкурс. Имено, кај определени правни лица – апликанти било утврдено дека доставената документација за исполнетост на определен услов била постара од бараниот рок, додека некои од апликантите не доставиле валиден документ како доказ за исполнување на кадровските услови или дека регистрираната дејност на апликантите во Централниот регистар на РСМ не одговара на предметот на конкурсот. Две апликации не биле земени предвид во постапката за евалуација, иако истите имале уредно приемен печат (штембил) од Министерството дека се примени во рокот, односно на 07.06.2024 година.

Истотака, утврдено е дека Одлуката за распоредување на средствата од јавниот конкурс со број ------- од --.--.2024 година не содржела упатство за користење на правно средство, ниту ги содржела сите потребни елементи (елементот што се однесува на висината на доделените средства) и истата била објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. ---/2024 од ----- година, односно шест (6) дена по денот на склучувањето на договорите со корисниците на средствата (20.06.2024 година).

Сите договори за доделување на средства се заведени со архивски број од страна на Министерството со датум 20.06.2024 година, додека ниту еден од договорите не содржи печат (штембил) од другата договорна страна.

По разгледување на констатираните состојби за предметната постапка детални прикажани во доставениот Ревизорски меморандум (Извештај) од извршената AD НОС ревизија во -------, се констатира дека постојат наводи за сомневање за преземени дејствија со кои се прекршени одредбите од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад и Законот за управување со отпадот.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, а при тоа имајќи ја во предвид позитивната законска регулатива од оваа област, ДКСК утврди дека наводите за сомневање за преземени незаконски дејствија од страна на службените лица во ------------ кои учествувале во предметната постапка, се потврдуваат.

За констатираните прекршувања ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе иницира постапка пред надлежен орган.

Имајќи во предвид сето горе наведено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата